# -ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

**Архивски број:04-4133/18**
**Датум:29.05.2025**

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/14 , 199/14, 27/16 и 35/18 и Службен весник на РСМ бр.198/18, 143/19, 14/20 и 208/24) и член 188 став 5 и член 212 став 10 од Законот за социјална заштита бр.32/24 и Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес број 02-847/5 од 28.06.2019 година, 02-1612/2 од 27.11.2019 година, 02-6011/2 од 29.12.2020 година, 02-215/2 од 31.01.2023 година и 02-59/2 од 05.01.2024 година, В.Д.Директорот на установата донесе

## **О д л у к а**

За избор на кандидат за унапредување на давател на јавна услуга

1.За извршител на работното место Раководител на служба за права на парична помош, звање на работното место Раководен службеник од прво ниво, шифра на работното место **СО30303А01002**, еден извршител во Служба за права на парична помош, вид на образование – Социјална работа и социјална политика, Правни науку и Економски науки, се избира Даниела Зафирова дипломиран социјален работник.

2.Именуваниот кандидат ќе биде распореден на работното место од став 1 на оваа одлука по конечноста на одлуката, за што ќе се донесе посебно решение за распоредување на давател на јавна услуга.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на интернет страната и на огласната табла на установата.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на добиено Известување за обезбедени финансиски средства бр.19-2409/2 од 04.04.2025 година од Министерството за финансии доставено преку Министерството за социјална политика, демографија и млади, донесена е Одлука за пополнување на слободно работно место со унапредување на (4) лица даватели на јавни услуги по пат на објавување на интерен оглас бр.0401-4133/1 од 09.05.2025 година и е објавен Интерен оглас бр.02/2025 за пополнување на работно место со унапредување бр.0401-4133/2 од 09.05.2025 година, објавен на ден 12.05.2025 година на интернет страната и на огласна табла на установата.

Со Одлука бр.0401-4133/1 од 09.05.2025 година формирана е Комисија за селекција за унапредување на давател на јавна услуга по интерен оглас која ја

спроведе постапката на административна селекција на кандидатите и интервју. По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување на давател на јавна услуга изготви Записник од административна селекција бр.0401-4133/8 од 22.05.2025 година и Записник од спроведеното интервју бр.0401-4133/15 од 27.05.2025 година, како и Записник од спроведено интервју со кандидат бр.0401-4133/14 од 27.05.2025 година, при што состави Финална ранг листа бр.0401-4133/16 од 27.05.2025 година.

Според погореизнесното, Комисијата за селекција за унапредување изготви Финална ранг листа и предлог одлука за избор, кои ги достави до В.Д.Директорот на ЈУМ ЦСР Велес.

Врз основа на изготвената ранг листа и предлог одлуката, В.Д.Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес изврши избор и донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државна комисија за одлучување во управна постапка во работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на Одлуката за избор на кандидат.

Доставено до:
-Кандидатот
-Оддел за административни работи
-Архива

Република Северна Македонија Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа ВЕЛЕС 1

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Велес
**ВД Директор**
**Нада Трајкова**


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева" број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk